# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 8/2019
## 25.07.2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за одобрување на дополнителен финансиски придонес на општина Неготино за проектот ,,Вински, Апи и Еко туризам во Неготино и околината ,,**

Се објавува **Одлука за одобрување на дополнителен финансиски придонес на општина Неготино за проектот ,,Вински, Апи и Еко туризам во Неготино и околината ,,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 25.07.2019 година.

Бр.09-366/1
25.07.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 25.07.2019 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

**за одобрување на дополнителен финансиски придонес на Општина Неготино, за проектот**

***,,ВИНСКИ, АПИ И ЕКО ТУРИЗАМ ВО НЕГОТИНО И ОКОЛИНАТА”***

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Неготино дава согласност за дополнителен финансиски придонес на подпроектот ,,ВИНСКИ, АПИ И ЕКО ТУРИЗАМ ВО НЕГОТИНО И ОКОЛИНАТА” на Општина Неготино,согласно Договорот за подгрант бр.LRCP-1/18-SG-22 од 22.02.2019 потпишан помеѓу Влада на Република Македонија/Кабинет на Заменик Претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските сектори, Единица за спроведување на проектот (ЕСП) „Локална и регионална конкурентност,, и општина Неготино ,финансиран преку Европската Унија и администриран преку Светска Банка.

**Член 2**

Потребата од дополнителни финансиски средства во гореспоменатиот проект се јавуваат по спроведени постапки за набавка директно од ЕСП-ПЛРК согласно процедурите на Светска банка.

**Член 3**

1.За Предмет на набавка LRCP-1/18-SG-22/SH-W-3.1.Реконструкција и адаптација на старо школо во с.Вешје;Поставување на урбана опрема на плоштадот во градот;Уредување и опремување на винска архива-Желкова куќа-општина Неготино,

најниската ценовна понуда изнесува 6.050.082,00 МКД и е повисока од проценетата вредност 5.043.400,00МКД за **1.006.682,00МКД,** износ кој треба да го покрие општина Неготино;

2. За Предмет на набавка LRCP-1/18-SG-22/SH-W-3.2 Изградба на жардинерии и партерно уредување на булевар Маршал Тито, територија на општина Неготино и пристапни патеки до поставената урбана опрема во пчелен парк с.Вешје најниската ценовна понуда изнесува 9.155.037,00МКД и е повисока од проценетата вредност 7.524.637,00МКД за **1.630.400,00МКД,** износ кој треба да го покрие општина Неготино.

**Член 4**

Обврската за зголемување на учеството на општина Неготино во случај кога трошоците на извршените активности се поголеми од трошоците дефинирани во Договорот за подгрант бр.LRCP-1/18-SG-22 , ЕСП-ПЛРК ги поврзува и толкува во дел I.ЦЕЛИ И ТРОШОЦИ НА ПОТПРОЕКТОТ, точка 1.7.

**Член 5**

Потребата од дополнителни финансиски средства во износ од **2.637.082,00МКД** кои произлегуваат од Договорот за подгрант бр.LRCP-1/18-SG-22, општина Неготино ги планира дополнително во буџетот на општина Неготино за 2019 со измена на Програмата за локален економски развој за 2019 година, Под програма-Г20-Поттикнување и развој на туризмот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино“

бр.08-358/3
25.07.2019 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за спроведување на проектот и превземање на обврска за надоместување на ДДВ за проектот ,, Изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан – Вешје,,**

Се објавува **Одлука за спроведување на проектот и превземање на обврска за надоместување на ДДВ за проектот ,, Изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан – Вешје,,**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 25.07.2019 година.

Бр.09-366/2
25.07.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 25.07.2019 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

**за спроведување на проектот и превземање на обврска за надоместување на ДДВ за проектот ,,Изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан -Вешје ,,**

**Член 1**

Согласно барањето бр.16-2591/1 од 03.08.2018 за финансиска поддршка на барателот општина Неготино за мерка 321-Подобрување на квалитет на животот во руралните средини-развој на јавна инфраструктура во руралните средини,подмерка 1 инвестиции во локална патна инфраструктура( вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе населени места во рурални средини со должина до 5 км, врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, на општина Неготино одобрени се средства за инвестицијата за изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан-Вешје во должина од **787м**.

**Член 2**

Вредноста на инвестицијата обезбедена од страна на Агенцијата за изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан-Вешје( 787м) изнесува 19.975.370,00 денари без ДДВ.

**Член 3**

Согласно Решението на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој бр.16-2842/1 од 18.06.2019 барателот на инвестицијата се задолжува да спроведе јавна набавка во рок до 31.12.2019 година и да обезбеди средства за покривање на ДДВ.

**Член 4**

Општина Неготино, има обврска да обезбеди средства во износ од 3.595.566,60 денари за ДДВ .

**Член 5**

Средствата доделени од Агенцијата во износ од 19.975.370,00 денари без ДДВ и износот на општина Неготино од 3.595.566,60 денари за ДДВ за оваа намена се планираат дополнително во буџетот на општина Неготино за 2019 и 2020 година, со измена на Програмата за локален економски развој, Под- програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино ".

бр.08-358/4
25.07.2019 година

**Советот на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за спроведување на проектот и превземање на обврска за надоместување на ДДВ и други кусоци и неприфатени трошоци за проектот „ Основен проект за реконструкција на дел од улица во с.Тремник во должина од 1000м „**

Се објавува **Одлука за спроведување на проектот и превземање на обврска за надоместување на ДДВ и други кусоци и неприфатени трошоци за проектот „ Основен проект за реконструкција на дел од улица во с.Тремник во должина од 1000м „** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 25.07.2019 година.

Бр.09-366/3
25.07.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 25.07.2019 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за спроведување на проектот и превземање на обврска за надоместување на ДДВ и други кусоци и неприфатени трошоци за проектот *"Основен проект за реконструкција на дел од улица во с.Тремник во должина од 1000 м ,,*

### Член 1

Согласно барањето бр.16-2592/1 од 03.08.2018 за финансиска поддршка на барателот општина Неготино за *Мерка 322- Обнова и развој на селата, алинеја 2-инвестиции за изградба и/или реконструкција на улици во населени места во руралните средини( вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина до 1км,* врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, на општина Неготино одобрени се средства за инвестицијата согласно ***"Основен проект за реконструкција на дел од улица во с.Тремник во должина од 1000 м ,,***

### Член 2

Вкупна вредност на бараната инвестиција изнесува 13.119.487,90 денари без ДДВ .Вкупна одобрена вредност која ги опфаќа прифатливите трошоци изнесува **13.107.613,36 денари без ДДВ** што е воедно и поддршка на Агенцијата.Разликата од бараната и одобрената вредност е 11.874, 54 денари.

### Член 3

Согласно Решението на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој бр.16-2766/1 од 18.07.2019 барателот на инвестицијата се задолжува да спроведе јавна набавка во рок до 31.12.2019 година и да обезбеди средства за покривање на ДДВ и други кусоци и неприфатливи трошоци.

**Член 4**

Согласно барањето бр.16-2592/1 од 03.08.2018 а со цел спроведување на проектот,Општина Неготино, има обврска да обезбеди средства во износ од 2.337.221,16 денари за ДДВ за инвестициониот дел,износ од 24.286,66 за ДДВ за трошоци за изработена техничка документација како и за други кусоци и неприфатливи трошоци во износ од 11.874,54 денари.Се вкупно потребен износ **2.373.382,36 денари** од општина Неготино.

**Член 5**

Средствата доделени од Агенцијата во износ од 13.107.613,36 денари без ДДВ и износот од 2.373.382,36 денари за ДДВ и за други кусоци и неприфатливи трошоци кои ги обезбедува општина Неготино за оваа намена се планираат дополнително во буџетот на општина Неготино за 2019 и 2020 година со измена на Програмата за локален економски развој, Под- програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино “.

бр.08-358/5
25.07.2019 година

**Советот на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2019 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2019 година**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 25.07.2019 година.

Бр.09-366/4
25.07.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02 и член 79 став 1 точка 11 од Статутот на општина Неготино ,(Службен гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 25.07. 2019 година донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2019 година

### Член 1

Во Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2019 година се врши следната измена:

Во табелата-**Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој 2019**

**Точка 4.Се брише, Точка 5 станува Точка 4**

Во табелата-**Под-програма Г20-Поттикнување и развој на туризмот 2019**

**Точка 3**,**Колона 2,** Проект за развој на локална и регионална конкурентност во туризмот–ОДОБРЕН ПРОЕКТ ноември 2018 проект*:,,Вински ,апи и еко туризам во Неготино и околината,,*се додава текстот ,,потпишан Договор 22.02.2019 година, во **колона 4** се додава износот **2.637.082,00МКД** за изградба (градежни работи)-трансфер кон проектна сметка:или се вкупно: 5.312.564,00МКД .

**Точка 5,колона 2-Вкупно Г20,**во **колона 3** износот 18.632.205,00 се заменува со износот 21.269.287,00МКД,во Колона 4 износот **4.135.482,00** се заменува со износот **6.772.564,00 мкд.**

Во табелата-**Под-програма ГАО-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти 2019**

**Точка 5,колона 2,текстот аплициран проект - Патен правец,,Г.Дисан –Вешје,,во должина од 787 м,се заменува со одобрен проект,** во **колона 3,** износот 00,00 ,се заменува со текстот: Вкупен износ од 23.570.937,00 мкд,во **колона 4** текстот**:** средствата по основ ДДВ во износ од 3.595.567,00 се планираат дополнително по одобрување и потпишување на Договор со АФПЗРР 00,00, се менува и гласи : средства по основ ДДВ во износ од 3.595,567,00 мкд**,** во **колона 5 текстот:** АФПЗРР по објавен оглас 03.07.2018 година 19.975.370,00

мкд средствата по основ трансфери од други нивоа се планираат дополнително по одобрување и потпишување на Договор со АФПЗРР со проширување на буџетот за 2019-00,00 се менува и гласи: АФПЗРР по Решение бр.2842/1 од 18.06.2019

**19.975.370,00 денари без ДДВ** станува составен дел на буџетот по основ трансфери од други нивоа на власт.

**Точка 6,колона 2,текстот аплициран проект** -**Реконструкција на дел од улицата од влезот на с.Тремник во должина од 1000м,,**се заменува со **одобрен проект,** во **колона 3,** износот 00,00 ,се заменува со текстот:Вкупен износ од 15.480.995,72 мкд ,во **колона 4** текстот**:** средствата по основ ДДВ во износ од 2.361.508,00 се планираат дополнително по одобрување и потпишување на Договор со АФПЗРР 00,00, се менува и гласи :средства по основ ДДВ и други кусоци и неприфатливи трошоци во износ од **2.373.382,36мкд,** во **колона 5** текстот: АФПЗРР по објавен оглас 03.07.2018 година 13.119.487,09 мкд средствата по основ трансфери од други нивоа се планираат дополнително по одобрување и потпишување на Договор со АФПЗРР со проширување на буџетот за 2019-00,00 се менува и гласи:АФПЗРР по Решение бр.16-2766/1од 18.07.2019 износ од **13.107.613,36** денари без ДДВ станува составен дел на буџетот

**Точка 7,колона 2,**текстот: аплициран проект -**Патен правец,,Г.Дисан –Вешје,,во должина од 460 м.,**се заменува со**: одобрен проект, во колона 3** износот 00,00 ,се заменува со текстот и износот: Вкупен износ од **11.175.700,00 мкд, во колона 4 текстот:**средствата по основ ДДВ во износ од **1.704.737,76** трансфер кон ВПР се планираат дополнително по одобрување и потпишување на Договор со АФПЗРР -00,00 се заменува и гласи: средства по основ ДДВ и други кусоци и неприфатливи трошоци во износ од **1.794.768,00 мкд** -трансфер кон ВПР,во колона 5 текстот:АФПЗРР по објавен оглас 03.07.2018 година 9.470.932,00 мкд денари средствата по основ трансфери од други нивоа преку АФПЗРР ќе биде префрлен на ЦР на ВПР за реализација на проектот-00,00 се менува и гласи:АФПЗРР по Решение бр.16-2676/1 од 08.06.2019 износот од **9.380.932,00мкд одобрен од АФПЗРР ќе биде префрлен дирекно** на ЦРВПР за општина Неготино.

**Точка 9,колона 2 ,Вкупно ГАО,**во **колона 3** износот: **6.100,000,00 се заменува со износот 56.327,632,72 мкд, во колона 4** износот: **3.600.000,00 се заменува со износот 11.363.717,36мкд, во колона 5** износот: **2.500.000,00**

**се заменува со 44.963.915,36мкд** од кои дирекно во општина Неготино по основ трансфери од други нивоа износ од 33.082.983,36 мкд.

Во табелата-**ВКУПНО ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2019 ГОДИНА**

Колона-Г20,колона 2 **поттикнување и развој на туризам**, во колона 3 износот **18.632.205,00 се заменува со износот 21.269.287,00МКД,**во колона 4 износот **4.135.482,00 се заменува со износот 6.772.564,00 мкд**

Колона –ГА0,колона 2 **изградба на комерцијални и друг вид на објекти,** во колона 3-**вкупно во мкд** износот **6.100,000,00 се заменува со износот 56.327.632,72мкд, во колона 4-општина Неготино во мкд износот 3.600.000,00 се заменува со износот 11.363.717,36мкд,во Колона 5- други извори во мкд, износот 2.500.000,00 се заменува со износот** 44.963.915,36

од кои дирекно во општина Неготино **33.082,983,36мкд.**

**Колона**- **ВКУПНО ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ 2019, во колона 3- вкупно во МКД износот 68.399.715,00 се заменува со износот 121.264.429,72мкд,**во **колона 4 - општина Неготино во МКД износот 15.735.482,00 се заменува со износот 26.136,281,36 во колона 5- други извори во мкд износот 52.664.233,00 се заменува со износот 95.128,148,36 мкд** од кои дирекно во општина Неготино **35.667.510,00 од ИПА,33.082.983,36мкд од АФПЗРР** или вкупно **68.750.493,36мкд**

Во Табела:**Временска табела на активностите за програмата за Локален Економски Развој на ОПШТИНА НЕГОТИНО 2019 се брише Точка 4.**

**Во делот –ФИНАНСИРАЊЕ**

Вкупно планирани средства во Програмата за Локален економски развој за 2019 износот **68.399.715,00 се заменува со износот 121.264.429,72мкд.**Средства кои треба да бидат обезбедени од Буџетот на општина Неготино преку под-програмите Г10,Г20 и ГА0 во износ **15.735.482,00мкд се заменува со износот 26.136.281,36** мкд.Од други извори на финансирање **52.664.233,00**мкд се заменува со **95.128.148,36мкд** и тоа преку**:** ЕУ Фондови за развој на туризам-ПЛРК и менаџирани преку Светската Банка, ,преку

Биро за рамномерен регионален развој,Средствата од ЕУ ИПА програмата за прекугранична соработка со Грција.

**Текстот:**Средства од програмата за рурален развој аплицирани во 2018 и тоа вкупниот износ, средствата по основ ДДВ и средствата по основ трансфери од други нивоа стануваат составен дел на буџетот со проширување на буџетот за 2019 дополнително со одобрување и потпишување на Договори со АФПЗРР, **се менува и гласи:** Средства од програмата за рурален развој одобрени во 2019 и тоа вкупниот износ, средствата по основ ДДВ, други кусоци и неприфатливи трошоци и средствата по основ трансфери од други нивоа стануваат составен дел на буџетот за 2019 дополнително со одобрување и потпишување на Договори/Решенија со АФПЗРР. **После текстот**: Директно финансирани и менаџирани проекти преку ЕИБ/МТВ во износ од 25.515.503,00 не се планираат и не се презентираат во буџетот на општина Неготино, **се додава текстот**: Преку ЕУ Фондови за развој на туризам-ЕСП-ПЛРК и преку Светската банка директно се менаџираат 13.966.723,00 мкд,2.500,000мкд од Биро за регионален развој ги менаџира ЦРВПР, како и 9.380.932,00 од АФПЗРР исто така преку ЦР ВПР.Директно менаџирани преку општина Неготино **35.667.510,00мкд од ИПА ЦБЦ** и **33.082.983,36мкд од АФПЗРР, како и сите останати износи кои се составен дел на Програмата.**

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Неготино

бр.08-358/6
25.07.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во табелата-**Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој 2019**

**Точка 4.Се брише, Точка 5 станува Точка 4-**поради тоа што не е потребно планирање на средства за 2019 година, и нема да биде предмет на реализација во 2019 година

Во табелата-**Под-програма Г20- Г20-Поттикнување и развој на туризмот 2019**

**Точка 3**:Измената е имплицирана на барање на ЕСП-ПЛРК и согласно Одлуката за одобрување на дополнителен финансиски придонес на Општина Неготино,за проектот,,*ВИНСКИ, АПИ И ЕКО ТУРИЗАМ ВО НЕГОТИНО И ОКОЛИНАТА" ,* каде што во Член 3 од истата се наведува причината за дополнителен финансиски придонес и тоа:

1.За Предмет на набавка LRCP-1/18-SG-22/SH-W-3.1.Реконструкција и адаптација на старо школо во с.Вешје;Поставување на урбана опрема на плоштадот во градот;Уредување и опремување на винска архива-Желкова куќа-општина Неготино, најниската ценовна понуда изнесува 6.050.082,00 МКД и е повисока од проценетата вредност 5.043.400,00МКД за **1.006.682,00МКД,** износ кој треба да го покрие општина Неготино;

2. За Предмет на набавка LRCP-1/18-SG-22/SH-W-3.2 Изградба на жардинерии и партерно уредување на булевар Маршал Тито, територија на општина Неготино и пристапни патеки до поставената урбана опрема во пчелен парк с.Вешје, најниската ценовна понуда изнесува 9.155.037,00МКД и е повисока од проценетата вредност 7.524.637,00МКД за **1.630.400,00МКД,** износ кој треба да го покрие општина Неготино.

Во табелата-**Под-програма ГАО-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти 2019**

**Точка 5-** Измената е имплицирана согласно Одлуката за спроведување на проектот и превземање на обврска за надоместување на ДДВ за проектот " ***Патен правец,,Г.Дисан –Вешје,,во должина од 787 м***,,Според Решение од

АФПЗРР бр.2842/1 од 18.06.2019 и согласно Член 4 од гореспомената Одлука како и согласно барањето на општина Неготино бр. 16-2591/1 од 03.08.2018,а со цел спроведување на проектот,Општина Неготино, има обврска да обезбеди средства во износ од 3.595.566,60 денари за инвестициониот дел.Се вкупно потребен износ **3.595.566,60 денари** од општина Неготино и планиран износ од **19.975.370,00** денари без ДДВ од АФПЗРР- по основ трансфер од други нивоа на власт.

**Точка 6-** Измената е имплицирана согласно Одлуката за спроведување на проектот и превземање на обврска за надоместување на ДДВ и други кусоци и неприфатени трошоци за проектот *"Основен проект за реконструкција на дел од улица во с.Тремник во должина од 1000 м ,,*

Според Решение од АФПЗРР бр.16-2766/1од 18.07.2019 и согласно Член 4 од гореспомената Одлука како и согласно барањето на општина Неготино бр.16-2592/1 од 03.08.2018 ,а со цел спроведување на проектот,општина Неготино, има обврска да обезбеди средства во износ од 2.337.221,16 денари за ДДВ за инвестиционот дел,износ од 24.286,66 за ДДВ за трошоци за изработена техничка документација како и за други кусоци и неприфатливи трошоци во износ од 11.874,54 денари.Се вкупно потребен износ **2.373.382,36 денари** од општина Неготино и планиран износ од **13.107.613,36** денари без ДДВ од АФПЗРР- по основ трансфер од други нивоа на власт.

**Точка 7-** Измената е имплицирана согласно Одлуката на Советот на општина Неготино бр.08-299/3 од 21.06.2019 за превземање на обврска за надоместување на вишоци, кусоци , непредвидени работи и исплата на ДДВ за проектот ,,Изградба на дел од патниот правец с.Горни Дисан -Вешје ,,(во должина од 460 м) според Решение доделено на ЦРВПР од АФПЗРР бр.16-2676/1 од 08.06.2019 . Согласно гореспомената Одлука бр. бр.08-299/3 од 21.06.2019 во Член 4 од истата крајниот корисник општина Неготино, има обврска да обезбеди средства во вкупен износ од 1.794.768,00 денари од кои 90.000,00 денари без ДДВ или 106.200,00 вкупно со ДДВ денари наменети за позиција 2.7.( затревување на косини) како неприфатлив трошок за Агенцијата и средства во висина од 1.688.568,00 денери за ДДВ на средствата доделени од страна на Агенцијата. Се вкупно потребен износ **1.794.768,00** денари од општина Неготино, кој општина Неготино треба да го обезбеди и трансферира кон Центар за Развој на Вардарски Плански Регион.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации за 2019 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации за 2019 година**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 25.07.2019 година.

Бр.09-366/5
25.07.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 25.07.2019 година ја донесе следната

**Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации за 2019 година**

**Член 1**

Во Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации за 2019 година, се вршат следните измени:

Во делот **I. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА**

Активност бр.5 ***NEGOTINO OFF FESTIVAL 2019***

- во ставката Договорни услуги износот од 700.000,00 денари се зголемува за 200.000,00 и се заменува износ од 900.000,00 денари. Вкупниот износ за реализација на оваа активност се менува и изнесува 950.000,00 денари.

Притоа во делот ВКУПНО ЗА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА износот од 1.350.000,00 се заменува со 1.550.000,00 денари, а вкупните средства за финансирање на програмата од Буџетот на општина Неготино од 3.880.000,00 се зголемуваат за истиот износ од 200.000,00 и сега изнесуваат 4.080.000,00 денари.

Вкупниот износ на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации за 2019 година од 4.230.000,00 се менува и изнесува 4.430.00,00 денари.

Во делот **III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ (L0)**

Активност бр.5 ***Културно- спортски настан STREETBAL 2019***

- ставката Трансфери кон спортски клубови со износ од 90.000,00 денари се брише, а истиот вкупен износ се префрла во ставките: Други трансфери - износ во висина од 70.000,00 денари и Оперативни расходи - износ во висина од 20.000,00 денари.

Притоа не се прават измени во вкупниот износ на буџетска програма L0.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-358/7
25.07.2019 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2019 година**

Се објавува **Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2019 година**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 25.07.2019 година.

Бр.09-309/6
25.07.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 94 и 95 став 1 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.15/15,98/15,193/15,226/15,31/16,142/16 и 190/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/2011, 9/2011 и 16/2012), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 25.07.2019 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2019 година

### Член 1

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2019 година се вршат следните измени:

Во точка 2.СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА во под точка 2.1 Средства за финасирање на работите од оваа програма кои се планирани во износ од 32.900.000,00 денари се заменува со износ од 36.880.000,00денари и во делот на ПРИХОДИ во точка 8 Средства од продажба на градежно земјиште износот од 6.150.000,00денари се заменува со износ од 10.130.000,00денари. Во делот на вкупно Приходи износот од 32.900.000,00денари се заменува со износ од 36.880.000,00денари.

Во делот на РАСХОДИ во потпрограмата ФАизносот од 2.000.000,00денари се заменува со износ од 1.800.000,00денари, како и во Вкупно износот од потпрограмите ФА и ФД од 3.000.000денари, се заменува со износ од 2.800.000,00денари.

Во точка 2.1 Планирани срества за финасисрање на програмата за комунална дејност износот од 32.900.000,00денари се заменува со износ од 34.080.000,00денари .

Во точка 2.2 Планирани средства за уредивање на градежно земјиште ФА и уредување на простор во рурални подрачја ФД(капитални трошоци) износот од 3.000.000,00денари се заменува со износот од 2.800.000,00денари.

Во точка 2.3 Планирани сресства за финасисрање на програмата за комунална дејност износот од 29.900.000,00денари се заменува со износ од 34.080.000,00денари и како средства наменети за финасирање на обавување на комуналните дејности.

Во пот програмата Ј1 Снабдување со вода за пиење вкупниот износ од 1.900.000,00денари се заменува со износ од 1.400.000,00денари.

Во пот програмата Ј3 Јавно осветлување вкупниот износ од 7.000.000,00денари се заменува со износ од 10.000.000,00денари.

Во пот програмата Ј4 Јавна чистота вкупниот износ од 500.000,00денари се заменува со износ од 400.000,00денари.

Во пот програмата Ј6 Одржување и заштита на локалните патишта,улици и регулирање на режимот на сообраќајот износот од 3.500.000,00денари се заменува со износ од 2.000.000,00денари.

Во пот програмата ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта и улици износот од 5.000.000,00денари се заменува со износот од 6.500.000,00денари.По точка 12 се додава точка 13 која гласи : Санација и Изградба на крак од улицата Владо Асов Шпанац во должина од околу 250м со просечна ширина од 3м и ул.Блажо Јанушев во должина од околу 50м и ширина од 3,5м со бехатон коцки

Во пот програмата ЈГ Изградба на системи за водоснабдување износот од 6.000.000,00денари се заменува со износ од 5.780.000,00денари.

Во под програма ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води износот од 1.500.000,00денари се заменува со износ од 3.500.000,00денари и во истата пот програма во точка 4 се додава во с.Тремник и изградба на фекална канализациона мрежа за одведување на отпадни води во должина од околу 250м од подвожњакот од влезот на селото до првите куќи.

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот објавувањето во,,Службен гласник на Општина Неготино,,.

бр.08-358/8
25.07.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за енергетска ефикасност за 2019 година**

Се објавува **Програмата за изменување и дополнување на Програмата за енергетска ефикасност за 2019 година,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 25.07.2019 година.

Бр.09-366/7
25.07.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М,, бр.5/02 и член 79 став 1, точка 11 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 25. 07. 2019 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА со прв ребаланс на буџет

## ВОВЕД

Програмата за енергетска ефикасност претставува дефиниран збир на активности и проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2019 година и кои ќе продолжат со реализација во 2020 година и кон кои во главно ќе бидат насочени активностите на Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во општина Неготино. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуирано спроведување на активностите предвидени со неа во општината и Вардарскиот плански регион, кои треба да го подобрат нивото на енергетската ефикасност во општина Неготино и во општините од ВПР.

Програмата за енергетска ефикасност за 2019 година воглавно е ориентирана кон зголемување на активностите од енергетска ефикасност во Општина Неготино и општините од ВПР, како и кон ефикасно искористување на енергијата како ресурс. Финансиските извори за реализирање на активностите предвидени во програмата ќе бидат од различен карактер, од Буџет на општина Неготино, Буџети на општините од ВПР, донации од домашни и странски донатори и други расположливи извори.

Програмата со активностите и проектите на општина Неготино, во областите на енергетската ефикасност за 2019 година ќе биде сообразена и во тесна корелација со

Програмата за енергетска ефикасност на Општина Неготино за период 2019-2021 година и Акциониот план за ЕЕ за 2019 год. на општина Неготино.

Програмата со активностите и проектите на општина Неготино во областите на енергетската ефикасност за 2019 година ќе се потпира на следните утврдени приоритети:

1) Утврдување на моменталната состојба на потрошувачка на енергија на објектите кои што се под надлежност на општината, како и потрошувачката на енергија во услугите што ги обезбедува (уличното осветлување и водоснабдувањето);
2) мерките за намалување на потрошувачката на енергија во објектите во општинска сопственост;
3) мерките за намалување на потрошувачката на енергија во услугите што ги обезбедува општината (уличното осветлување и водоснабдувањето).
4) Контрола на показателите за потрошена енергија во 2018 година и 2019 година;
5) Заштеда на енергија, преку намалување на загубите и рационален однос кон енергијата во количина колку што може да се избегне непотребното трошење, подобрување на енергетските карактеристики на објектите и слично, а е остварливо со препорачани и преземени мерки за енергетска ефикасност;
6) Подигање на свеста кај корисниците на објектите и граѓаните за значењето на енергетската ефикасност, придобивките од истата и односот кон енергијата.

Дел од планираните активности во оваа програма ќе бидат целосно во согласност со Акциониот план за енергетска ефикасност за 2019 год. на општина Неготино и Програмата за енергетска ефикасност на Општина Неготино за период 2019-2021 година.

Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во општина Неготино работи и на унапредување на енергетската ефикасност и во Вардаскиот плански регион, што значи дека во наредниот период ќе учествува и во спроведување на Програмата за развој на Вардарски Плански Регион, пред се со подобрување на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија, како поединечно во општините така и на ниво на целиот Варадарски плански регион.

## НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Носител на Програмата за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2019 година е Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион со седиште во Неготино кое во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма и истото ќе биде одговорно за реализација на програмските активности за општина Неготино, и на програмските активности за општините од Вардарскиот плански регион во координација со останатите Одделенија и со лицата задолжени за енергетска ефикасност во општините од Вардарскиот плански регион. Одделението за енергетска ефикасност е кадровски екипирано со две лица од кои едно високо стручен кадар – дипл. маш.инж.- енергетичар, и едно лице соработник за подготовка на техничка документација.

## ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2019 година е концепирана преку предложени активности и проекти и временска рамка во следниве под-програми:

| Ред бр. | Проект/Активност | Вкупно планирани средства во МКД | Буџет на општина Неготино во МКД | Други извори на финансирање МКД |
|---|---|---|---|---|
| 1. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2019 согласно АП за ЕЕ (реконструкција и подобрување на енергетските карактеристики на објектите) | 2 310 000.oo | 310 000.oo | 2 000 000.oo |
| 2. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2019 согласно АП за ЕЕ (јавно осветлување) | 2 100 000.oo | 100 000.oo | 2 000 000.oo |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Изработка на проектна документација за Улично осветлување на ул. „Коста Волканоски“ и други улици | 60 000.оо | 60 000.оо | 0 |
| 4. | Подигање на свеста кај граѓаните за значењето на енергетската ефикасност и придобивките од неа | 30 000.оо | 30 000.оо | 0 |
| | **ВКУПНО** | **4 500 000.00** | **500 000.оо** | **4 000 000.оо** |

Под-програма ГД0-Проекти за енергетска ефикасност

**ВКУПНО ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА**

| **Под-програма** | **Опис** | **Вкупно во МКД** | **општина Неготино во МКД** | **Други извори во МКД** |
|---|---|---|---|---|
| ГД 0 | **проекти за енергетска ефикасност** | **4 500 000.00** | **500 000.оо** | **4 000 000.оо** |
| ВКУПНО | **Одделение за енергетска ефикасност** | **4 500 000.00** | **500 000.оо** | **4 000 000.оо** |

Временска табела на активности на Одделението за ЕЕ за 2018 година

| **ГД0** | **Проекти за енергетска ефикасност** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| Ред. Бр. | Проект | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2018 согласно АП за ЕЕ (реконструкција и подобрување на енергетските карактеристики на објектите) | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 2. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2018 согласно АП за ЕЕ (јавно осветлување) | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 3. | Изработка на проектна документација за Улично осветлување на ул. „Коста Волканоски" и други улици | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| 4. | Подигање на свеста кај граѓаните за значењето на енергетската ефикасност и придобивките од неа | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамките на програмата за енергетска ефикасност за 2019 година се во висина од **4 500 000.оо** денари. Од други извори планирани се вкупно **4 000 000.оо денари** и тоа од домашни и меѓународни институции, донации, агенции и фондови на ЕУ. Од буџетот на општина Неготино се планира да бидат финансирани од под-програмите ГД0 во висина од **500 000.оо** денари.

**РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА**

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на општината.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за локален економски развој и Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислење, поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и учествува во имплементација на активностите од програмата.Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино".

бр.08-358/9
25.07.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2019 година**

Се објавува **Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2019 година,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 25.07.2019 година.

Бр.09-366/8
25.07.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за прсторно и урбанистичко планирање (,,Сл. весник на РМ,, бр. 199/14, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата на одржана на ден 25.07.2019 донесе

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2019 год**

Член 1

Во Програмата за **изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2019 год** се менува следното:

Во глава **3 - ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА,** во Планирани активности, табелата Расходи **се менува и гласи**

Член 2

Оваа програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

бр.08-358/10
25.07.2019 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
Претседател
Диме Витанов с.р.

| | РАСХОДИ | денари |
|---|---|---|
| **Ф** | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | |
| **Ф1** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | |
| 1 | Измена и дополнување на ГУП | |
| 2 | Измена и дополнување на ДУП | |
| 3 | Изработка на УПС | |
| 4 | Изработка на УПВНМ | |
| 5 | Изработка на ЛУПД | |
| 6 | Изработка на Општи Акти | |
| 7 | Изработка на Архитектонско-урбанистички проект | |
| 8 | Изработка на идејни проекти | |
| 9 | Изработка на Проекти за инфраструктура | |
| 10 | Геодетски услуги | |
| | **ВКУПНО** | **1.310.000,00** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на општина Неготино за 2019 година**

Се објавува **Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на општина Неготино за 2019 година,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 25.07.2019 година.

Бр.09-366/9
25.07.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (”Службен весник на РМ” бр.15/15, 98/15, 193/15, 31/16 и 142/16), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 25.07. 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2019 ГОДИНА**

**ВОВЕД:**

**Општ дел**

Согласно Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 31/16 и 142/16), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со одобрение (документација) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Неготино, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2018 година.

За да може да се врши отуѓување или давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територииите на следните населени места и локалитети опфанати со: ДУП за УЗ 3 Блок 1 Неготино, ДУП за Урбана заедница 5 урбан блок 5.1; ДУП за Урбана заедница 3 урбан блок 3.1; ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.2 и УЗ 7 дел од УБ 7.3; ДУП за Дел од центар во Неготино; УПВНМ за дел од КП 330, м.в. Црно Поле , КО Црвени Брегови; УПВНМ за КП 1751 – дел КО Неготино Општина Неготино; УПВНМ за дел од КП 680 КО Курија Општина Неготино; УПВНМ за КП 648 КО Курија, Општина Неготино; Урбанистички план вон населено место м.в.Раткин дол за изградба на сончеви фотоволтаични централи на дел од кп 1086/1, КО Неготино; УПВНМ за стопански комплекс за изградба на сепаратно построение и погон во м.в. „Ливадиште“ КО Криволак, ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.2 и УЗ 7 дел од УБ 7.3, ДУП за УЗ 4.3 Неготино, УПВНМ Дуброво и Тремник, КО Дуброво и КО Тремник и АУП за формирање градежна парцела од КП 2194 дел, КО Криволак, УПВНМ за лесна индустрија КП 556 дел, 678 дел, 679, 680, 681 дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2, 4178 дел КО Криволак, Ц.Брегови Неготино, УПВНМ зза изградба на депонија за индустриски, инертен и неопасен отпад КО Пепелиште мв. Шобово.

- **Законски основ**
  Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 31/16 и 142/16).
- **Основни плански документи**
  Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

  * СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

**Стратешката цел 1.** Поттикнување на вработливоста преку развој на вештини на човечкиот капитал за потребите на постоечкиот пазар на трудот и како и можностите за претприемништво

**Стратешката цел 2.** Подобрување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура

**Стратешката цел 3.** Поттикнување и привлекување на директни странски и домашни инвестиции
**Стратешката цел 4**. Понатамошен развој и унапредување на земјоделското производство во напредни форми на здружување при пласман на производите, органско производство и развој на агротуризам

**Стратешката цел 5.** Подобрување на енергетската ефикасност во Општина Неготино

**Стратешката цел 6:** Развој на транзитен туризам преку различни алтернативни форми кои ќе се базираат на природните, културните и рецептивните капацитети на Општината,

*****ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА ПЛАНСКИ ПЕРИОД ОД 2011 ДО 2016 ГОДИНА

Цели и развојни правци на документот,особено деловите што се однесуваат на одделни населени места што се предмет на програмата

Приоритетни проблеми во областа на животната средина

**Приоритет 1: Решавање на проблемот со емисија на загадувачки супстанции од енергетски загадувачки капацитети**

**ЦЕЛ:** намалување на емисијата на загадувачките супстанции преку воведување на природен гас, користење на незагадувачки супстанции, поефективна технологија за намалено согорување на супстанците и поголемо искористување на енергетските ефикасни енергенси.

**Приоритет 2: Решавање на проблемот со емисија на загадувачки супстанции од домаќинствата**

**ЦЕЛ:** Изградба на централен когенеративен систем за затоплување, примена на алтернативни извори на енергија

**Приоритет 3: Решавање на проблемот со емисија на загадувачки супстанции од сообраќајот**

**ЦЕЛ:** Замена на стариот возен парк со современи возила

